# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО 2010 ГОДИНА

*Февруари 2011 година*

www.ilinden.gov.mk

**Содржина:**


ВОВЕД 3

**СОВЕТ**

РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН 4

- Слободен пристап до информации од јавен карактер 5
- Информирање на граѓаните 5

**ФИНАНСИИ И ДАНОЦИ**

БУЏЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2010 ГОДИНА 6

- Компарација на Буџетот 2005-2010 година 7

ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ 7

- Структура на приходи и расходи на Буџетот 8
- Графички приказ на реализација на приходите во 2010 год. 8

ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО 10

ИНВЕСТИЦИИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА 11

ИНВЕСТИЦИИ ВО СПОРТОТ 12

РЕВИЗИЈА 12

**УРБАНИЗАМ**

УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ 13

- Патна инфраструктура 14
- Изградба на фекална канализација 15

**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

- Извештај за стратегиска оцена на животната средина 15
- Квалитетот на воздух 16
- Чистење и уредување на отворените одводни канали 17
- Комунални дејности 17
- Заштита на природата 18

**ПРОЕКТИ**

РЕАЛИЗИРАНИ И ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ 19

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО**
**НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО 2010 ГОДИНА**

Во текот на 2010 година извршено е усогласување на Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација и Правилникот за систематизација на работните места на администрацијата на Општина Илинден со законските измени на Законот за државни службеници, како и со насоките од Агенцијата за државни службеници.

Општинската администрација, согласно Правилникот за систематизација на работните места распоредена е во 7 (седум) одделенија со вкупно 35 вработени државни службеници:

- Одделение за поддршка на Градоначалникот, нормативно правни и општи работи
- Одделение за финансиски прашања
- Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
- Одделение за локален економски развој и јавни дејности
- Одделение за инспекциски надзор-инспекторат
- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за управување со човечки ресурси

Реализирани се вкупно 17 обуки за државните службеници во различни области, во делот финансии, урабанизам, човечки ресурси, ревизија, заштита на животната средина, се со цел подобрување на услугите и работата на државните службеници, при што беа опфатени сите групи на државни службеници.

Во функција на ефикасно извршување на работните задачи и активности на општинската администрација и Советот на Општината обезбедени се 3 патнички возила, извршено е опремување на канцелариите со мебел , како и компјутерска опрема и софтвер за вработените.

## РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО 2010 ГОДИНА

- ✓ Во 2010 година подготвени се и одржани 16 (шеснаесет) редовни седници на Советот на Општина Илинден, на кои се донесени вкупно 84 акти.
- ✓ Истовремено подготвени се и одржани вкупно 30 седници на Комисиите на Советот на Општината.

Советот во текот на минатата година даде значаен придонес во подобрувањето на услугите во остваруавањето на надлежностите преку донесување на следниве позначајни акти:

- Усогласен Статутот на Општина Илинден со позитивните законски прописи
- Буџет на Општината за 2011 година
- Одлука за извршување на Буџетот на Општина Илинден за 2011 година
- Буџетски календар на Општината за 2011 година
- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на патиштата и улиците на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година
- Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината за 2011 година
- Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година
- Програма за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општината за 2011 година
- Програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година
- Програма за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад на територија на Општината за 2011 година
- Одлука за преземање на обврските за плаќање на воден надоместок од индивидуални водокорисници
- Одлука за утврдување на надомест за одржување на јавна чистота
- Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга Одведување на отпадни води од домаќинствата на територијата на Општината
- Одлука за утврдување на цена на комунална услуга собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од индивидуални корисници домаќинства
- Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на комунална услуга „снабдување со вода за пиење“ на индивидуални корисници домаќинства

- Одлука за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Ценовникот на услуги за одржување на јавна чистота, услугите во хортикултурата и услугите за чистење на снегот во зимски услови
- Одлука за давање на објект Канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води на подрачјето на Општина Илинден Припадна површина 2 на управување и стопанисување на ЈКП "Илинден", н.м.Илинден
- Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за водоснабдување (Општина Илинден, Општина Гази Баба и Општина Петровец)
- Одлука за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Илинден 2010", н.м. Илинден
- Одлука за давање на приоритет на проект за изградба на Модуларно училиште во Општината
- Одлука за подобрување на економската ефикасност во работењето на јавните коминални претпријатија ЈКП "Илинден" и ЈКП Водовод

## Слободен пристап до информации од јавен карактер

- Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Советот на Општина Илинден усвои Листа на информации од јавен карактер
- Од страна на Градоначалникот овластени се лица кои што ќе посредуваат при издавање на утврдените информации од јавен карактер.
- Во 2010 година до Општина Илинден е поднесено 1 (едно) барање за издавање на информации од јавен карактер, и по истото е постапено.

## Информирање на граѓаните

Општина Илинден посветува посебно внимание кон воспоставувањето на механизми за подобра транспарентност, комуникација и интерактивност со граѓаните. За сето она што се случува во Општината, односно за реализираните, за тековните и за идните активности граѓаните можат да се информираат на повеќе начини:

- Информации од печатените и електронските медиуми;
- Општински информатор;
- Отворена директна телефонска линија;
- Е-општина „Пријави проблем";
- Редовно ажурирана со информации веб страница на Општината;
- Информативни огласни табли во населените места;
- Интерактивни работни средби со месните заедници;
- Отворен ден за средби со граѓаните;
- Електронски пристап до сите барања и службени гласници;
- Организирање на јавни пртезентации, трибини и собири со граѓаните;
- Флаери, прирачници, плакати.

**ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР „ИЛИНДЕН"**

Во текот на минатата година испечатени се 4 (четири) броеви од Општинскиот информатор „Илинден", кои што се дистрибуирани до секое домаќинство. Истовремено, информаторот е достапен и во електронска форма на Интернет страницата на Општината (www.ilinden.gov.mk).

# БУЏЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2010 година
## 231.401.329,00 денари

| СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ | СТРУКТУРА НА РАСХОДИ |
|---|---|
| ДАНОК НА ИМОТ И ДОХОД<br>18.839.800,00 | КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ<br>61.298.941,00 |
| КОМУНАЛНИ НАДОМЕСТОЦИ<br>64.575.463,00 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ<br>67.097.382,00 |
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ<br>53.953.186,00 | СТОКИ И УСЛУГИ<br>26.430.154,00 |
| ТРАНСФЕРИ<br>19.415.389,00 | ПЛАЌАЊЕ НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА<br>25.639.878,00 |
| БЛОК ДОТАЦИЈА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ<br>60.851.890,00 | ДЕТСКА ГРАДИНКА<br>5.778.004,00 |
| БЛОК ДОТАЦИЈА ЗА ДЕТСКА ГРАДИНКА<br>4.039.098,00 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ<br>13.592.740,00 |
| НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ И ДОНАЦИИ<br>9.726.503,00 | **ВКУПНО<br>199.837.099,00** |
| **ВКУПНО<br>231.401.329,00** | САЛДО 31 декември 2010<br>31.564.230,00 |






**Компарација на Буџетот на Општина Илинден 2005-2010 година**




Графиконот на реализација на приходите во Буџетот на Општина Илинден покажуваат континуиран раст во целиот период од 2005 до 2010 година, како резултат на зголемените надлежности на Општината во процесот на децентрализација и брзиот локален економски развој, следено со зголемување на квалитетот на услугите на општинската администрација и целосната посветеност во наплатата на сопствените приходи.

Приходите во буџетот на Општината се реализираат континуирано во текот на првите 9 месеци со рамномерен раст, а видлив е зголемениот раст на приходите во последните 3 месеци.

## ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ

Во 2010 година Буџетот на Општината е реализиран од сопствени извори на приходи во износ од 161.784.119,00 денари и приходи од дотации од Буџет на Р.Македонија и Буџетите на фондовите во износ од 69.617.210,00 денари.

Високото учество на сопствените приходи во вкупниот Буџет ја покажуваат финансиската независност на Општината.



## Структура на приходи и расходи на Буџетот

Со своето учество од 60.202.248,00 денари капиталните расходи заземаат 45% од вкупните расходи во основниот буџет на Општината. Во делот расходи за плати и надоместоци од основниот Буџет исплатени се и плати на вработените во Детската градинка и вработените во основните училишта за подобрување на квалитетот на наставата и условите за работа во јавните установи. Исто така, дел од расходите за стоки и услуги во јавните установи се финансирани од основниот буџет.

| Позиција | Износ | Процент |
|---|---|---|
| Капитални расходи | 60.202.248,00 | **45 %** |
| Стоки и услуги | 27.865.464,00 | **21 %** |
| Плаќања на јавни претпријатија | 25.639.878,00 | **19 %** |
| Плати и надоместоци | 20.396.313,00 | **15 %** |
| **ВКУПНО** | **134.103.903,00** | |




## Графички приказ на реализација на приходите во 2010 година



Согласно Законот за даноците на имот, Советот на Општина Илинден формираше Комисии за процена на пазарна вредност на недвижен имот, кои што извршија проценка на вредноста на недвижниот имот во Општината. Со добиените податоци од процената се ажурира базата на даночни обврзници на Општината. Ажурираната база на даночни обврзници е основа за изготвување на решенија за данок за имот за 2011 година.

| Вид на сопствени приходи | Реализирано (денари) | Реализација |
|---|---|---|
| Данок на имот | 6.537.758,00 | **107,18%** |
| Данок на промет на недвижности | 9.953.304,00 | **99,53%** |
| Данок на наследство и подарок | 553.711,50 | **55,37%** |
| Надоместок од комунална дејност-собирање на смет | 7.862.916,00 | **112,33%** |
| Надоместок за просторни и урбанистички планови | 2.711.728,50 | **102,71%** |
| Надоместок за уредување на градежно земјиште | 46.040.568,50 | **97,96%** |
| Персонален данок на доход | 1.795.026,50 | **100,16%** |
| Комунална такса за истакнување на фирма | 2.143.358,00 | **71,45%** |

За подобрување на економската ефикасност во работењето на јавните претпријатија од Буџетот на Општината дополнително се исплатени 4.000.000,00 денари на ЈКП "Илинден" и 2.000.000,00 денари на ЈКП "Водовод", н.Илинден.

Сите постапки за јавни набавки согласно Годишен План за 2010 година се целосно реализирани.

| Издадени Решенија, Даночни пријави и Потврди | | | |
|---|---|---|---|
| Назив | Физички лица | Правни субјекти | ВКУПНО |
| Решенија за данок на имот | 4.138 | 42 | **4.180** |
| Решенија за надомест за комунална дејност-собирање на смет | - | - | **4.134** |
| Потврда за лични карти | 1.673 | - | **1.673** |
| Решенија за комунална такса за истакнување на фирма | - | 682 | **682** |
| Данок на промет на недвижности | - | - | **190** |
| Данок на наследство и подарок | - | - | **159** |

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во текот на 2010 година, во делот на подобрување на образованието, инвестирано е во реконструкција, санирање и подобрување на образовните установи. За таа намена издвоени се финансиски средства во висина од 10.577.830,00 денари, од сопствените приходи на Општината.

Од основниот Буџет на Општина Илинден издвоени се 3.863.587,00 денари за плати за дополнително вработениот наставен и технички персонал во училиштата. За стоки и услуги, пак, се издвоени 927.537,00 денари.

За подобрување на квалитетот на образовниот процес во основните училишта, во 2010 година Општина Илинден во делот на капитални инвестиции инвестираше финансиски средства во висина од 3.936.367,00 денари.

Истовремено, од Буџетот на Република Македонија од блок дотации обезбедени се 60.851.890,00 денари.

| Ставка | Средства од Буџетот на Општината | Средства од Буџетот на Р. Македонија | Самофинансирачки активности | Донации | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Плати | 3.863.587,00 | 48.705.192,00 | - | - | **52.568.779,00** |
| Стоки и услуги | 927.537,00 | 11.720.728,00 | 1.619.339,00 | 261.000,00 | **14.528.604,00** |
| Капитални расходи | 3.906.367,00 | - | - | - | **3.906.367,00** |
| **Вкупно** | **8.697.491,00** | **60.425.920,00** | **1.619.339,00** | **261.000,00** | **71.003.750,00** |




### Изградба на ново училиште

Општина Илинден веќе има почнато постапка и затворена финансиска конструкција за проектот **„Изградба на ново основно и средно училиште”** со што истовремено ќе се овозможи проширување на просторните капацитети на детската градинка “Гоце Делчев“.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Во 2010 година за работењето и функционирањето на детската градинка обезбедени се вкупно 8.570.577,00 денари.

Опремата за проширување на детската градинака е обезбедена во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

| Ставка | Средства од Буџетот на Општината | Средства од Буџетот на Р. Македонија | Самофинансирачки активности | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 3.422.551,00 | 4.039.098,00 | 1.108.928,00 | 8.570.577,00 |




## ИНВЕСТИЦИИ ВО СПОРТОТ

Во текот на минатата година како капитални инвестиции во спортската инфраструктура се вложени 2.376.188,00 денари. Истовремено, за поддршка на спортски активности, манифестации и спортските клубови издвоени се 1.610.034,00 денари.

Во периодот од 2006 до 2010 година во спортот е инвестирано 12.112.700,00 денари. Во соработка со Агенцијата за млади и спорт, како дел од проектите на Владата, изградена е спортската сала "Гоце Делчев", како и помошните фудбалски игралишта во Марино и во Кадино.

| Намена | Износ (денари) |
|---|---|
| Капитални расходи | 2.376.188,00 |
| Трансвери до спортски клубови | 852.611,00 |
| Тековни трошоци за одржување | 396.287,00 |
| Поддршка на традиционални спортски манифестации | 361.136,00 |
| ВКУПНО | 3.986.222,00 |



## РЕВИЗИЈА

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Годишниот план во 2010 година, реализирани се внатрешни ревизии на:

- Регуларноста на спроведувањето на постапки за јавни набавки во ЈКП „Илинден“
- Системот на контрола при процесот на утврдување и наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште во Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина во Општина Илинден.

Во изминатиот период извршени се и внатрешни ревизии на:

- Регуларност на постапки за јавни набавки во Општина Илинден во 2008 година
- Системот на внатрешни контроли во Одделението за финансирање и буџет во Општина Илинден за 2008 година
- Финансиска ревизија во основните училишта „Гоце Делчев“, „Браќа Миладиновци“ и „Ристо Крле“ за 2007 година

За 2011 година според донесениот Годишен и Стратешки план за внатрешна ревизија планирано е да се извршат следните ревизии:

1. Финансиска ревизија во основните училишта „Ристо Крле“, „Гоце Делчев“ и „Браќа Миладиновци“
2. Финансиска ревизија во ЈОУДГ „Гоце Делчев“
3. Ревизија на системот на внатрешни контроли во Одделението за урбанизам , комунални дејности и заштита на животна средина за да се осигури дека постои законитост, навременост, точност и усогласеност при издавање на акти.
4. Ревизија на систем на внатрешни контроли во Одделението за инспекциски надзор во Општина Илинден
5. Регуларноста на спроведувањето на постапки за јавни набавки во ЈКП „Водовод“
6. Регуларноста на спроведувањето на постапки за јавни набавки во Општина Илинден

Во минатата година Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи во Општина Илинден.

## УРБАНИЗАМ

### Урбанистичко планирање

- Урбанистичкото планирање во 2010 година овозможи урбанизирање на атрактивно неизградено земјиште на територијата на Општина Илинден, кое што се понудува на домашните и на странски инвеститори. За рализација на инвестициите донесени се вкупно 10 урбанистички планови со вкупна површина од 59,03 хектари, за што се одвоени финансиски средства од Буџетот на Општината за израбтка на плановите во висина од 2.271.726,00 денари.
- Со континуираната урбанизација на просторот од 2005 до 2010 година урбанизирано е градежно земјиште со површина од 352,17 хектари, а во наредната година планирано е урбанизирање на уште 11,5 хектари, што ќе претставува значаен фактор за подобрување на инвестиционата клима во Општината.
- Со новите урбанистички планови усвоени од страна на Советот на Општината, а особено со Урбанистички план вон населено место Кадино за Локалитет 19 и Урбанистички план вон населено место Илинден за стопански комплекс УБ1, се овозможи отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија со вкупна површина од 7,5 ха, со намена лесна и незагадувачка индустрија и мали комерцијални дејности, со што во Буџетот на Општината се зголеми приливот за 53.953.186,00 денари .
- Во периодот од 2005 до 2010 година реализирани се 51 нови инвестиции со вкупна вредност од 114.780.000 евра.
- Детален графички преглед и пристап до сите донесен урбанистички планови граѓаните на Општината, како и домашните и странски инвеститори може да остварат на интернет страницата www.ilinden.gov.mk

**- Реализирање на урбанистички планови -**
**Издадени акти во постапка за добивање на одобрение за градење**

| ВИД НА АКТИ | 2006 година | 2007 година | 2008 година | 2009 Година | 2010 година | ВКУПНО издадени акти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одобрение за градење | 76 | 136 | 109 | 95 | 85 | **501** |
| Одобрение за употреба | 22 | 51 | 66 | 60 | 39 | **238** |
| Решение за локациски услови | 97 | 116 | 156 | 119 | 70 | **558** |
| Извод од урбанистички план | 215 | 279 | 702 | 454 | 466 | **2.116** |
| **ВКУПНО** | **410** | **582** | **1.033** | **728** | **660** | **3.413** |

## Графички приказ на реализирање на урбанистички планови




| Вид на градба | Одобрение за градење (број) |
|---|---|
| Стопански и комерцијални објекти | **17** |
| Јавни објекти | **5** |
| Инфраструктурни објекти | **7** |
| Спортски објекти | **3** |
| Објекти за домување | **53** |
| **ВКУПНО** | **85** |

## Патна инфраструктура

Во текот на 2010 година извршена е изградба, реконструкција и санација на повеќе локални патишта и улици во должина од 17 километри, при што се изврши асфалтирање во должина 8,4 километри и тампонирање во должина од 8,6 километри.

Освен овие инфраструктурни зафати извршено е тековно одржување и санирање на целокупната патна инфраструктурна мрежа на територијата на Општината во вкупна должина од 267,4 километри.

Со вложувањата во патната инфраструктура директно се влијае врз подобрувањето на квалитетот на живеење на граѓаните на Општина Илинден, пред се поради побрзата комуникација и секако заштедата на средства за транспорт. Квалитетната инфраструктура нуди можности за дополнителен развој, пред се рамномерен развој на Општината и регионот пошироко. Истовремено, изградбата на локалните патишта е во функција на развој на економските зони, овозможувајќи, покрај квалитетни услови за работа на постоечките стопански субјекти, и услови за нови инвестиции, што директно влијае на локалниот економски развој, а со тоа и на отворањето на нови работни места.

### Изградба на фекална канализација

Во текот на 2010 година е изграден и пуштен во употреба првиот сегмент од фекалананата канализација за прифаќање и третман на отпадните води во должина од 5.500 метри, со пречистителна станица за 1.250 екв/жители во н.м.Марино-Припадна површина 2, што опфаќа површина од 40 ,26 хектари. На овој затворен систем се приклучени 310 домаќинства, односно околу 1.200 жители.

Паралено почна и изградба на фекалана канализација за прифаќање и третман на отпадни води во должина од 1.085,74 метри во н.м.Илинден-Припадна површина 7, што опфаќа површина од 50,6 хектари и фекална канализација за прифаќање и третман на отпадни води во должина од 1.146,00 метри во н.м.Кадино-Припадна површина 4, што опфаќа површина од 33,74 хектари.

Овие сегменти се дел од Проектот за ,,Изградба на систем за прифаќање и третман на отпадни води на територија на Општина Илинден", кои се целосно независни еден од друг. Целиот проект предвидува изградба на 24 сегменти со кои ќе биде опфатена целата територија на Општината.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Согласно позитивните законски прописи од областа на животната средина преземени се мерки и активности за зачувување, заштита и унапредување на квалитетот на животната средина и заштита на животот и здравјето на луѓето во Општината.

Спроведени постапки за Стратешка оцена на животна средина за урбанистичка планска документација

### Извештај за стратегиска оцена на животната средина

| Назив на план/ЛУПД | КО | Површина (ha) |
|---|---|---|
| УПВНМ за индустриски комплекс рафинерија на нафта ОКТА | Бујковци, Миладиновци | **142,03** |
| ЛУПД за изградба на Соларна централа со снага од 1 MW | Ајватовци | **2,00** |
| ДУПД за Потисен цевковод од м.в.Јасика до Бунарџик | Илинден, Бунарџик | **19,45** |
| **ВКУПНО** | | **163,48** |

## Квалитет на воздух

Од страна на Министерството за животна средина од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиенталниот воздух месечно до Општина Илинден се доставува извештај за извршените мерења на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Од мониторинг станиците во н.м. Миладиновци и н.м. Мршевци се следат следните параметри:

- **сулфур диоксид ($SO_2$)**
- **јаглерод моноксид (CO)**
- **озон ($O_3$)**
- **азот двооксид ($NO_2$)**
- **суспендирани честици со големина до 10 микрометри (PM 10)**
- **бензен, етил бензен, толуен, пара ксилен и ортоксилен (BTX)**

Споредба на вкупни емисии на $SO_2$ период 2009-2010 со горна граница




Концентрацијата на $SO_2$ сулфур диоксидот (највисока горна граница) во 2009 година изнесува 75 µg/m$^3$ додека во 2010 година изнесува 23 µg/m$^3$ што значително е намалено и во споредба со граничната 24 часовна концентрација од 125 µg/m$^3$.

## Чистење и уредување на отворени одводни канали

На територија на Општина Илинден постои систем од отворени одводни канали како дел од регионалниот систем за одводнување "Скопско Поле" чија должина е околу 120 км.

Поради рамничарскиот терен на кој се наоѓа Општината, доаѓа до постојано покачување на нивото на подземните води и затоа се јавува потреба од постојано чистење и одржување на каналската мрежа.

Во периодот од 2005-2009 година исчистена е каналска мрежа со вкупна должина од 60.800 метри.

Во 2010 г. исчистена е каналска мрежа **од 30.000 метри** на критичните точки во сите населени места согласно:

- Доделените средства од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за реализација на проектот чистење на Главен канал-Горна зона и секундарна каналска мрежа исчистени се канали со вкупна должина од **11.225 метри**.
- Изготвениот Акционен план за санирање и доведување во првобитна состојба на главната и секундарната каналска мрежа со поддршка на Владата на РМ исчистени се **18.775 метри**.

Од страна на Општината преземена е обврската за плаќање воден надомест од индивидуални водокорисници во висина од 3.564.000,00 денари.

## Комунални дејности

Согласно Програмата за јавна чистота и Програмата за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад на територија на Општина Илинден, се извршуваат активностите:

- собирање, изнесување и депонирање на комунален цврст отпад од територијата на Општината
- одржување на јавна чистота, уредување на јавни површини, уредување на паркови, зеленило и јавни сообраќајни површини
- одржување на јавно осветлување
- зимско одржување на локални улици и патишта

За реализирање на овие активности од Буџетот на Општината издвоени се финансиски средства во висина од 18.896.825,00 денари.

Дополнително одвоени се средства во висина од 743.053,00 денари за подобрување на Јавниот превоз за граѓаните на Општина Илинден.

## Заштита на природата

Општина Илинден активно се вклучи во сите акции за пошумување во рамките на проектот „Ден на дрвото-засади ја својата иднина“.

Во досегашните успешно спроведени шест акции на територијата на Општината, на површина од 560 ha се засадени околу 1.142.100 садници.

Целта е подигнување на еколошката свест за чиста и здрава животна средина.

| Датум | Локација | Засадена површина (ha) | Број на садници |
|---|---|---|---|
| 2008 година | Миладиновски рид<br>Ајватовски рид | 85 | 170.000 |
| | Текиски рид<br>Ајватовски рид | 75 | 150.000 |
| 2009 година | Мршевски рид | 120 | 240.000 |
| | Ајватовски рид<br>Мршевски рид<br>Миладиновски рид | 200 | 420.000 |
| 2010 година | Мршевски рид<br>Манастирски комплекс Дељадровци | 80 | 160.000<br>1.600 |
| | Магистрални патишта декоративни садници | - | 500 |
| | **ВКУПНО** | **560** | **1.142.100** |

# РЕАЛИЗИРАНИ И ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ ВО 2010 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

- ✓ Добиен Сертификат ISO 9001:2008 за имплементација на Системот за менаџмент на квалитетот, односно воведување на стандарди во работењето на Општина Илинден.
- ✓ Почната изградба на Дом на култура во н.м.Илинден, во соработка со Европската Унија
- ✓ Потпишан Договор со Светска Банка за реализација на проектот „Енергетска ефикасност во јавните општински установи"
- ✓ Проект со месните заедници Транспарентна општина во соработка со ЗЕЛС и УСАИД.
- ✓ Проект со месните заедници за Подигнување на управувачките и финансиските капацитети на месната самоуправа во општините во соработка со ЦЛРТВ.
- ✓ Проект „Е-Општина пријави проблем" за подобра информираност на граѓаните
- ✓ Проект Компаративна анализа за спроведување на децентрализацијата во областите на урбанизмот, образованието и финансиите
- ✓ Спроведена кампања за обележување на неплаќачи и плаќачи на комунален смет со лепење на црвени и зелени налепници на кантите за смет со опфатени 2.664 домаќинства.
- ✓ Изработка на кредитен рејтинг на Општина Илинден во соработка со УСАИД
- ✓ Изработена Локална стратегија за млади на Општина Илинден 2011-2015 година.

**ИНФРАСТРУКТУРА**

- ✓ Изградба на фекалана канализација за прифаќање и третман на отпадни води во должина од 1.085,74 метри во н.м.Илинден
- ✓ Изградба на фекалана канализација за прифаќање и третман на отпадни води во должина од 1.146,00 метри во н.м.Кадино
- ✓ Изграден патот Ајватовци-Мршевци во должина од 3.880 метри
- ✓ Комплетно асфалтирање на патот Ајватовци-Бунарџик во должина од 1.200 метри
- ✓ Асфалтиран локален пат на влезот на н.м.Текија во должина од 800 метри
- ✓ Асфалтиран патот Марино-Кадино во должина од 600 метри
- ✓ Изграден и пуштен во употреба на нов мост и сервисна улица во должина од 550 метри во н.м.Миладиновци
- ✓ Комплетна санација на надвозникот на влезот во Општина Илинден во должина од 500 метри
- ✓ Асфалтирана улица во индустриска зона Илинден во должина од 300 метри
- ✓ Асфалтирана улица и пешачка патека во н.м.Марино во близина на Макинвест во должина од 280 метри
- ✓ Асфалтирана сервисна улица во н.м.Илинден кај спортската сала во должина од 200 метри
- ✓ Јавни тоалети и паркинг за тешки товарни возила на влезот на Стопански комплекс Илинден
- ✓ Нови тоалети во ЦОУ „Браќа Миладиновци" во Миладиновци
- ✓ Нова покривна конструкција на ПОУ „Браќа Миладиновци" во Мршевци.
- ✓ Реновирање и модернизирање на просториите на основното и подрачните училишта „Ристо Крле".
- ✓ Проект „Нова модерна лабораторија по технички науки" во Основното училиште „Гоце Делчев" во соработка со USAID.
- ✓ Детски забавен парк во дворот на детската градинка и Подрачното основно училиште „Гоце Делчев".
- ✓ Машинско и рачно чистење на канали, расчистување на вегетација, прочистени секундарните канали во вкупна должина од 30 километри.
- ✓ Помошно фудбалско игралиште во н.м.Кадино, во соработка со Агенција за млади и спорт, во рамките на проектот на Владата на Република Македонија „50 фудбалски игралишта".
- ✓ Комплетна реконструкција на фудбалското игралиште во н.м. Бунарџик
- ✓ Партерно уредување на помошното фудбалско игралиште во н.м. Марино.
- ✓ Поставување на камен темелник на четири тениски игралишта во близина на спортската сала во н.м.Илинден.

**СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

- ✓ Формирано ново јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Илинден 2010“.
- ✓ Спортски викенд „Илинден 2010“ по повод одбележувањето на Денот на Општината 2-ри август, со следниве активности: велосипедска трка, турнир во фудбал, турнир во шах и турнир во кошарка.
- ✓ Организирање и поддршка на спортски манифестации.
- ✓ Доделени стипендии на талентирани ученици и спортисти.

**КУЛТУРА**

- ✓ 5-та година Проект Бесплатни курсеви по странски јазици (англиски, германски, италијански, шпански), уметност (сликарство), музика (гитара), модерен балет и фолклор.
- ✓ 11–ти по ред „Меѓународни литературни средби Илинден 2010“.
- ✓ 4–та по ред Манифестација „Подари книга за велигденско јајце“, во која се собрани над 6.500 книги за училишните библиотеки.
- ✓ 5–та по ред Манифестација „Априлијада 2010“.
- ✓ 2–ра година одбележување на христијанскиот празник Богојавленије-Водици со фрлање на крстот во езерото во хотел Бест Вестерн Хотел Белви.
- ✓ 5-ти по ред организиран општонароден собир во манастирскиот комплекс “Свети Ѓорѓија“ во Дељадровци под мотото “Со Илинден традицијата продолжува“, по повод Денот на Општината 2-ри Август.

Од Годишниот извештај за работата на Општина Илинден во 2010 година, може да се заклучи дека локалната самоуправа безрезервно опстојува на својата зацртана визија и мисија за развој и искорисување на силните страни на Општината и прераснување од рурална во урбана општина, со што ќе овозможи поквалитетен живот на сите нејзини граѓани.

Со огромните вложувања во инфраструктурата, изградбата на патишта, мостови, водовод, канализација, како и олеснувањето и поедноставувањето на постапките за добивање на било каква документација од општинските служби, се создаваат идеални услови за локалниот економски развој.

Истовремено, вложувањата во образованието се несомнен гарант дека во иднина треба да очекуваме квалитетни генерации кои што ќе го носат целокупниот развој на Општина Илинден. Слични се и последиците од големите вложувања во спортот и во спортската инфраструктура. Многубројните спортски објекти што се изградија во последно време беа повод многу млади да почнат да се занимаваат со спорт, што резултираше со фомирање на повеќе спортски клубови.

Сето ова укажува дека Општина Илинден се движи во правилна насока да прерасне во урбана, атрактивна и конкурентна Општина во регионот и пошироко, со создадени услови за одржлив економски и социјален развој, како и квалитетен живот на населението.

10.02.2011
Илинден

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски